Арх.бр.02-60/1
13.01.2025

Врз основа на Член 19, Член 19-а, и Член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15,61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22) и Одлуката за распишување на јавен оглас за избор на Директор на ЈП „Стрежево" Битола, под бр. 02-56/2 од 10.01.2025 година, Управниот одбор на ЈП „Стрежево" Битола, објавува

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на Директор на ЈП „Стрежево" Битола**

Се распишува јавен конкурс за избор на Директор на ЈП „Стрежево" Битола.

1. Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови, кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни услови, утврдени во Законот за јавните претријатија и тоа:

- Најмалку стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование,
- Да има минимум 5 (пет) години работно искуство,
- Да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик, не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС(IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

2. Кандидатите со пријавата треба да достават докази за исполнување на условите и тоа:

- Кратка биографија (CV),
- Уверение за државјанство,
- Диплома или уверение за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование,
- Потврда за работното искуство - Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,
- Потврда од надлежен орган дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана на вршење професија, дејност или должност,
- Лекарско уверение,
- Сертификат за познавање јазик,
- План и програма за работа во јавното претријатие во наредните 4 (четрири) години.

Доказите се доставуваат во оргинал или заверени на нотар.

1. Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.
2. Јавниот конкурс трае 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување во дневниот печат,
3. По завршувањето на конкурсот, пристигнатите документи ги прегледува трichлена комисија, формирана од Управниот одбор на ЈП „Стрежево" Битола, која во рок од 8 (осум) дена по истекот на рокот на конкурсот, целокупната документација ја доставува до Управниот одбор на јавното претријатие.
Управниот одбор во рок од 15 (петнаесет) дена, од денот на добивање на документацијата, донесува Одлука за избор на директор на ЈП „Стрежево" Битола.
4. Пријавата со потребната документација, треба да се доствии во запечатен плик, со назнака “За јавен конкурс за избор на директор”, преку пошта или директно во архивата, секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот, на адреса: Бул.1ви Мај бр.77 Битола.
5. Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок и пријавите што не ги содржат бараните документи, ќе се сметаат како ненавремени, односно некомплетни и истите нема да се разгледуваат.

ЈП „Стрежево" Битола
Управен одбор